# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2023 ГОДИНА, КОЛЕКТИВНО И ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ

## 1. Начин на работа на Надзорниот одбор и соработка со Управниот одбор

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката) ги извршува своите активности во согласност со важечките законски прописи, Статутот на Банката, одлуките на Собранието на Банката, Кодексот за корпоративно управување и Деловникот за организација и работа на Надзорниот одбор. Ова тело на Банката се грижи за утврдување на деловната политика на Банката и го следи нејзиното спроведување, при што активно е вклучен во надзорот над работењето на Банката, запознаен со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното окружување и дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на Банката.

Надзорниот одбор на Банката, заедно со Управниот одбор, воспоставува и промовира корпоративна култура и вредности во Банката, имајќи ги предвид дефинираните стандарди и етички норми и го утврдува прифатливото ниво на ризик, како и пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување.

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Овој одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната Банка.

При извршувањето на своите надлежности, Надзорниот одбор ги има предвид интересите на заинтересираните лица и обезбедува услови за одржување ефикасна соработка со Народната банка на Република Северна Македонија и со останатите регулаторни органи.

Во согласност со Законот за банките, членовите на Надзорниот одбор мора да се личности од доверба и со соодветно ниво на експертиза, за да ја извршуваат нивната надзорна функција и да го следат и надгледуваат целокупното работење на Банката. Надзорниот одбор ги назначува, ги советува и ги надгледува членовите на Управниот одбор и е директно инволвиран во донесувањето одлуки кои се од суштинско значење за Банката. Управниот одбор редовно поднесува извештаи до Надзорниот одбор во врска со деловните политики и останати суштински работи поврзани со средствата на Банката, обврските, финансиската состојба и резултатите, како и состојбата со ризиците, особено управувањето со ризиците и нивната контрола.

Членовите на Управниот одбор на Банката присуствуваа на сите седници на Надзорниот одбор, при што преку транспарентни и отворени дискусии дадоа

дополнителни информации и образложенија за поднесените предлози и извештаи. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор редовно дискутираа и за состојбите во банкарскиот сектор, економијата во Република Северна Македонија, како и за други области кои би можеле да влијаат на работењето на Банката.

Надзорниот одбор е составен на начин што неговите членови, како целина, го поседуваат потребното знаење, способност и експертско искуство, за соодветно извршување на работните задачи. Дополнително, членовите на НО треба да имаат доволно време за извршување на своите должности. Составот на НО треба да обезбеди квалификувана контрола и совет на Управниот одбор на Банката, како членка на меѓународно застапена финансиска групација, и треба да се грижи за репутацијата на Групацијата Шпаркасе во јавноста. Во тој поглед, особено внимание е посветено на интегритетот, личните особености, подготвеноста за дејствување, професионализмот и независноста на лицата назначени за членови на НО. Целта е, Надзорниот одбор како група да ги поседува сите потребни знаења и експертиза поврзани со работењето на Шпаркасе Банка.

Надзорниот одбор ја зема во предвид разноликоста при номинирање кандидати за членови на НО. Во поглед на меѓународното искуство, професионалниот ангажман и приватните животи, четири членови на НО кои се претставници на мнозинскиот акционер се лоцирани надвор од Северна Македонија. Дополнително, мнозинството од членовите на НО имаат повеќегодишно меѓународно искуство како членови на управни и надзорни одбори и различни комитети. Во поглед на половата застапеност, структурата на одборот во 2023 година вклучуваше две жени. Што се однесува до регулативата, НО во 2023 година има соодветен број на независни членови, односно два членови од вкупно седум се независни членови.

**2. Структура на Надзорниот Одбор и редовност на седниците**

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година се состоеше од седум членови, за кои има претходно издадена согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија за нивно именување како членови на Надзорниот одбор на Банката. Во периодот на известување, мандатот на постоечкиот независен член Кристијан Поленак истече заклучно со 21.09.2023 година. На Собранието на акционери одржано на 24.07.2023 година, Татјана Шишковска беше именувана за нов независен член на НО, за кого е издадена согласност од Гувернерот на Народната Банка на РСМ на 01.11.2023 година.

Во 2023 година Надзорниот одбор ги спроведе своите активности во следниот состав:

- **Георг Бухер –** Претседател на Надзорен одбор
- **Валбурга Зајдл –** Заменик претседател на Надзорен одбор
- **Ханс Лудвиг Диксер –** Член на Надзорен одбор
- **Славиша Којиќ –** Член на Надзорен одбор
- **Глигор Бишев –** Член на Надзорен одбор

- **Кристијан Поленак** – Независен член на Надзорен одбор заклучно со 21.09.2023 година
- **Горан Петревски** – Независен член на Надзорен одбор
- **Татјана Шишковска** – Независен член на Надзорен одбор од 13.11.2023 година

Во следната табела се прикажани сите членови на Надзорниот одбор со нивната возраст, главно занимање и членување во други одбори на надзор и/или управување:

| **Член:** | **Георг Бухер** |
|---|---|
| **Позиција:** | Член на Управен Одбор |
| **Компанија:** | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| **Датум на раѓање:** | 1962 |
| **Прво назначување:** | 08.2019 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Претседател на НО на Шпаркасе Банка АД Скопје (претставник на мнозинскиот акционер)<br>• Претседател на ОР на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Член на Надзорен одбор во Кернтнер Шпаркасе АГ<br>• Заменик Претседател на Надзорен одбор во Ерсте Дигитал Гмбх<br>• Претседател на Надзорен одбор во Шпаркасе ИТ Холдинг АГ<br>• Заменик претседател на Надзорен одбор во Банка Шпаркасе д.д. Љубљана<br>• Заменик претседател на Надзорен одбор во Ерсте Банка а.д. Нови Сад.<br>• Заменик Претседател на Надзорен одбор во Ерсте и Штаермеркише Банка д.д.<br>• Заменик претседател на Надзорен одбор на СКБ Индустриехолдинг Гмбх Австрија<br>• Управител на Кристине Кунц Гезелшафт мбх Австрија<br>• Управител на СКВ Приватштифтунг |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Присуство на седници во 2023** | Претседателот на НО присуствуваше на 6 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Валбурга Зајдл** |
| **Позиција:** | Член на Управен Одбор |
| **Компанија:** | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| **Датум на раѓање:** | 1973 |
| **Прво назначување:** | 11.2008 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Заменик претседател на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (претставник на мнозинскиот акционер)<br>• Заменик претседател на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Заменик Претседател на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка дд |

| | |
|---|---|
| | Сараево<br>• Член на Надзорен одбор на Ерсте и Штаермеркише дд<br>• Член на Советодавен Одбор на СЛизинг Суд ГмбХ |
| **Наградување за членство во други одбори** | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Присуство на седници во 2023** | Заменик претседателот на НО присуствуваше на 6 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Ханс Лудвиг Диксер** |
| **Позиција:** | Директор на Финансии |
| **Компанија:** | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| **Датум на раѓање:** | 1967 |
| **Прво назначување:** | 05.2012 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| • Член на Надзорен одбор и други членства | • Член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (претставник на мнозинскиот акционер)<br>• Член на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 6 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Славиша Којиќ** |
| **Позиција:** | Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој |
| **Компанија:** | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| **Датум на раѓање:** | 1978 |
| **Прво назначување:** | 05.2015 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (претставник на мнозинскиот акционер)<br>• Член на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Претседател на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Управител на КоКоМа ОГ, Грац<br>• Претседател на Надзорен одбор на Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 6 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Глигор Бишев** |
| **Позиција:** | Претседател на Фискален Совет на РСМ |
| **Компанија:** | Независно тело за надгледување на макроекономските и фискалните политики во земјата |
| **Датум на раѓање:** | 1958 |

| | |
| --- | --- |
| **Прво назначување:** | 01.2023 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје (претставник на мнозинскиот акционер)<br>• Член на Надзорна комисија на Finance Think |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата) |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Кристијан Поленак** |
| **Позиција:** | Управувачки партнер |
| **Компанија:** | Адвокатско друштво “Поленак” |
| **Датум на раѓање:** | 1970 |
| **Прво назначување:** | 05.2011 |
| **Мандат:** | 09.2023 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје до 21.09.2023 година<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка АД Скопје до 21.09.2023 година |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата) |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Горан Петревски** |
| **Позиција:** | Професор |
| **Компанија:** | Економски факултет Универзитет Св. Кирил и Методија Скопје |
| **Датум на раѓање:** | 1970 |
| **Прво назначување:** | 12.2021 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата) |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 6 седници во 2023 година |
| **Член:** | **Татјана Шишковска** |
| **Позиција:** | Партнер |
| **Компанија:** | Адвокатско друштво “Поленак” |
| **Датум на раѓање:** | 1980 |

| | |
|---|---|
| **Прво назначување:** | 11.2023 |
| **Мандат:** | 11.2024 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | • Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата) |
| **Присуство на седници во 2023** | Членот на НО присуствуваше на 1 седница во 2023 година |

## 3. Извршување на надлежностите на Надзорниот одбор

Во текот на извештајниот период, во согласност со важечките законски прописи, Надзорниот одбор одржа вкупно шест седници, кои се одржаа во деловните простории на Банката или преку видео-конференции. Исто така, се одржаа десет седници преку писмена коресподенција, како резултат на потребата од поддршка на оперативните функции на Банката. Во 2023 година се одржаа следните седници:

1. Седница на НО на 30.01.2023 година одржана преку видеоконференција
2. Седница на НО на 28.02.2023 година одржана во деловните простории на Банката
3. Седница на НО на 31.03.2023 година преку писмена кореспонденција
4. Седница на НО на 19.04.2023 година одржана преку видеоконференција
5. Седница на НО на 28.04.2023 година преку писмена кореспонденција
6. Седница на НО на 26.05.2023 година одржана во деловните простории на Банката
7. Седница на НО на 06.06.2023 година преку писмена кореспонденција
8. Седница на НО на 22.06.2023 година преку писмена кореспонденција
9. Седница на НО на 29.06.2023 година преку писмена кореспонденција
10. Седница на НО на 26.07.2023 година преку писмена кореспонденција
11. Седница на НО на 30.08.2023 година одржана во деловните простории на Штермеркише Банк унд Шпаркасен АГ, Грац
12. Седница на НО на 31.10.2023 година преку писмена кореспонденција
13. Седница на НО на 17.11.2023 година преку писмена кореспонденција
14. Седница на НО на 29.11.2023 година преку писмена кореспонденција
15. Седница на НО на 06.12.2023 година одржана во деловните простории на Банката
16. Седница на НО на 22.12.2023 година преку писмена кореспонденција

Надзорниот одбор го надгледува и советува Управниот одбор за своите управувачки активности и за сите стратешки одлуки кои се однесуваат на Банката, а кои како целина мора да бидат донесени со одобрение на Надзорниот одбор.

Согласно член 89 од Законот за банките, Членовите на Надзорниот одбор на квартална основа ги разгледуваа резултатите од работењето на Банката, извештаите за работењето на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, како и извештаите за работа на Дирекцијата за внатрешна ревизија, Одделот СППФТ и усогласеност со прописи и Одборот за надгледување на информативна технологија. Надзорниот одбор ги разгледуваше и извештаите за следење на кредитен, оперативен, ликвидносен, пазарен и валутен ризик, извештај за управување со ризик од измама, извештај за оцена на материјалност на ризик за 2022 година. Надзорниот одбор ги разгледа и полугодишните извештаи за усогласеност со прописи, полугодишните извештаи за информативна сигурност, годишниот извештај за управување со поплаки за 2022 година, годишниот извештај на Комисија за наградување и именување за 2022 година, годишниот извештај за систем на внатрешна контрола за 2023 година, како и полугодишниот извештај за поплаки во првата половина на 2023 година, утврди предлог одлуки во надлежност на Собранието на Банката, ги одобри годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, поединечни и консолидирани, го одобри предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, ги разгледа извештаите и записниците на НБРСМ, ги одобри поединечниот и консолидиран Годишен извештај за работењето на Банката за 2022 година и достави писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, ги разгледа извештаите на друштвото за ревизија и достави писмени мислења по истите до Собранието на акционери, утврди Предлог одлука до Собранието на акционери за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје и оствари други овластувања согласно закон.

Во рамките на своите надлежности, Надзорниот одбор ги разгледа извештаите на внатрешна ревизија за вонредни ревизии и ревизии спроведени заеднички со групациската ревизија, како и годишната оцена на работата на внатершната ревизија во согласност со Quality Assurance and Improvement Program – 2022 и надворешната квалитативна проценка на функцијата за внатрешна ревизија.

Согласно законските барања и поддршката на оперативното работење во насока на дефинираната стратегија, Надзорниот одбор ги одобри следните интерни акти:

1. Среднорочен план (Буџет) за периодот 2024-2028
2. Деловна политика за 2024 година и Развоен план за 2024-2028
3. Кодекс за корпоративно управување верзија в.8.0 и назначи лице за контакт со акционери и инвеститори
4. Деловник за организација и работа на Одборот за управување со ризици на Шпаркасе Банка АД Скопје верзија 3.2
5. Деловник за работа на Одборот за Надзор на Информативна Технологија в.7.0
6. Деловник за работа на Советодавниот Одбор за Ревизија 1.2 и Прирачник за работа на Внатрешна Ревизија 7.0
7. Кредитна Политика на Шпаркасе Банка в. 1.1
8. Измена на Одлука за одобрување на номинации за членства на членовите на УО во други одбори, НО бр.34177/1-22 од 19.04.2023 година
9. Политика за управување со поплаки/пофалби верзија 1.0

10. Годишен план на Внатрешна ревизија за 2024 година и Стратегиски план 2024-2026
11. Стратегија за кредитен ризик за 2023, верзија 1.0
12. Стратегија за оперативен ризик верзија 1.0
13. Стратегија за ликвидносен ризик, верзија 4.0
14. Стратегија за пазарен ризик верзија 5.0
15. Стратегија за ризици 2023, верзија 1.0
16. Ревидирање на Политика за наградување
17. Ревидиран Risk Appetite Statement (RAS) и Supporting Metrics (SM) за период 2023-2027 година за Шпаркасе Банка АД Скопје
18. Risk Appetite Statement (RAS) и Supporting Metrics за периодот 2024-2028 за Шпаркасе Банка АД Скопје
19. Local Supporting Metrics за период 2024-2028 година за Шпаркасе Банка АД Скопје
20. Ревидиран Risk Appetite Statement (RAS) и Supporting Metrics (SM) за период 2024-2028 година на Шпаркасе Банка АД Скопје
21. Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам на Шпаркасе Банка АД Скопје верзија 2.0 и верзија 2.01
22. Политика за управување со правен ризик в.4.2
23. План за опоравување во вонредни услови за 2024 година
24. Насоки за одобрување на корпоративни клиенти верзија 2.2
25. Насоки за одобрување на физички лица верзија 2.1 и 3.0
26. Насоки за одобрување на микро клиенти верзија 2.1
27. Измени во во организациската структура на Банката
28. Групациски документи согласно Group Policy Framework (414_072_002.00 Policy on Litigation Cases Reporting and Provisioning, 144_V_4.00 A1 ICAAP Policy, 322 V_3.1 B Statutory Reporting Standards - верзија 2.01, 367 V_1.2 B Policy for Non-Audit Services Pre-Approval Process – локална верзија 001.00, 600_003.00 - Anti-Money Laundering, Know Your Customer, Counter Terrorist Financing, Foreign Account Tax Compliance Act and Common Reporting Standard Policy верзија 003.00, 414_502 Anti-Corruption Policy верзија 001.01, 318_V. 002.01_B1_BSM Investment Policy, 055_V. 002.01_A1_Product Development and Approval Process Policy, 081_V. 003.01_A1_Policy Framework, 159_V. 002.01_A1_Policy for unique identification of counterparties and uniform set-up of groups of connected customers through uCOIN solution, 161_V. 003.00_A1_Credit RWA Computation Policy, 202_V. 003.00_A1_Security Policy, 204_V. 003.01_A1_Policy for Physical Security, 170_V_2.01 B1 NPL Sales Policy, 380 V_001.00 A1 Capital Management Policy - верзија 001.00, 083_V. 005.02_A1_Forbearance, Non-Performing and Default Definition Policy, 139_V. 005.00_B1_Retail Credit Risk Management Policy - General requirements, 140_V. 005.00_B1_Retail Credit Risk Management Policy – Products, 141_V. 005.00_B1_Retail Credit Risk Management Policy – Collection Requirements, 142_V. 003.03_B1_Retail Credit Risk Management Policy – Portfolio Management Reports, 180_V. 003.00_B1_Credit Application and Approval Process Policy, 207_V. 001.01_B1_Personnel Security Policy, 127_V_004.00 B1 OTC Derivatives Policy, 312_V. 003.00_B1_Business Data Management Policy, 310_V. 003.00_A1_Data and Reporting Governance Policy, 438_V. 001.00_A1_Archiving Policy for Retail Lending Products Documentation, 203 V_2.01 A Group Cyber and Information Security Policy, 414_603_002.00A Ad hoc Disclosure Policy верзија 002.00, 414_520_001.00_Policy Conflict of interest and Anti-Bribery & Corruption, верзија 001.00, 239_V. 1.01_A1_ILAAP Policy, 176_V. 004.00_A1_Responsible

Financing Policy, 407 V_1.02 A1 Car Policy, Tax Code of Conduct Policy - верзија 001.01, Policy for External Audits and Reviews - верзија 002.01, Group Transfer Pricing Policy - верзија 001.01, 075_V. 1.01_B1_Credit Limit System Policy, 121_V. 3.01_B1_RICOS Policy, 99_V. 1.01_B1_Collateral Management Policy Part 2 Treasury Collateral, 208_V. 1.01_B1_Object and Asset Security Policy, 178_V.2.01_B1_Project Finance Policy,147 V_002.00 Data Protection Policy – GDPP).

Надзорниот одбор во 2023 година донесе и други одлуки во рамките на своите надлежности утврдени со законските прописи, меѓу кои утврдување на предлог-одлука за употреба и распределување на остварената добивка на Банката во 2022 година, предлог-одлуки за утврдување на измени и дополнувања на Статутот на Банката, предлози за свикување на собранија на акционери, поделба на надлежности помеѓу членовите на Управен одбор, номинации за нивни членства во други одбори, менаџерските договори и пакетот за наградување на дел од Членовите на УО, отварање на експозитура и тн. НО исто така подготви Извештај за активностите на Надзорниот одбор во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови, назначи членови на Комитет за Управување со Актива и Пасива (АЛКО) на Банката, именуваше членови на Одборот за управување со ризици (ОУР), ја назначи Татјана Шишковска за нов член на Комисијата за наградување и именување, назначи членови на Одбор за надгледување на ИТ (ОНИТ), ги разгледа Писмата до раководството за 2022 година – ревизија на единечни и консолидирани финансиски извештаи итн.

Во 2023 година, Надзорниот одбор ги одобри и следните интерни акти и предлози и ги разгледа следните информации/извештаи:

- Одобрување на KPIs за 2023 за членовите на Управниот Одбор
- Одобрување на KPIs за 2023 за носителите на контролните функции
- Одобрување на варијабилна награда за 2022 година за членовите на Управниот одбор
- Одобрување на варијабилна награда за 2022 година за носители на контролни функции
- Годишен извештај за работата на Управниот одбор за 2022 година
- Информација за извршено само-оценување од членови на НО за 2022 година
- Информација за извршено само-оценување од членови на ОУР за 2022 година
- Извештај за активностите на Одбор за ревизија во 2022, колективно и од аспект на поединечните членови
- Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2022/2023 година.

Врз основа на истек на мандат, Надзорниот одбор одобри ре-именување на Неданоска за Заменик Претседател на Управен одбор, со поединечна и колективна оцена и ја одобри нејзината Програма за работа. Како резултат на измените во Статутот на Банката кои опфаќаат проширување на бројот на Членови на УО од 3 (три) на 4 (четири) членови, како и врз основа на поднесената оставка од Алвин Аличевиќ од функцијата Член на Управен одбор, Надзорниот одбор донесе одлуки за именување на двајца нови членови на Управен одбор, кои ќе стапат на сила по

добивање на согласност од Гувернерот на РСМ, со поединечна и колективна оцена и ги одобри предложените програми за работа.
Во согласност со Законот за банките и Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка, Надзорниот одбор во 2023 година изврши поединечни и колективни годишни оцени на Надзорниот одбор и законски пропишаните одбори.

**4. Извештај за активностите на Надзорниот одбор од аспект на поединечни членови**

- **Георг Бухер (Претседател на НО)** - член на Управниот одбор во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG, каде почитувањето на корпоративната кулутура и вредности имаат особена важност, постојано се следат и имплементираат најдобрите практики во корпоративното управување и истите континуирано се пренесуваат до сите членки на Групацијата како вредности. Со своето богато искуство во областа на банкарството, Бухер ги даде следните придонеси за стратешкиот развој на Банката: успешно ја организираше работата на Надзорниот одбор и неговите комисии, се погрижи седниците на Надзорниот одбор да бидат свикани редовно и навремено, претседаваше на седниците со посветување особено внимание на конкретните теми и нивната важност, при што ги водеше дискусиите со посветување на адекватно време согласно значењето на темата. Бухер, во име на Надзорниот одбор ги потпишуваше донесените одлуки и акти. Неговата активна вклученост во неколку групациски проекти кои се однесуваат и на Шпаркасе Банка, резултира со одлично познавање на финансиската состојба и профилот на ризичност на Банката, што овозможува преземање на активности во насока на остварување на органски и неоргански раст.

  Тој овозможи Банката да одржува доследно високо ниво на усогласеност и одговорност согласно локалната законска регулатива во Република Северна Македонија, особено со правилата и регулативите на Народната Банка на Република Северна Македонија, како и со релевантните политики и упатства на Групацијата.

- **Валбурга Зајдл (Заменик-претседател)** – Член на Управен одбор во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - Заменик Претседателот на Надзорниот одбор на Банката поседува богато искуство и знаење кои се соодветни за извршување на своите надлежности. Таа во потполност ги разбира воспоставениот систем на корпоративно управување во Банката и улогата на Надзорниот одбор во истиот, при што дава особен придонес во неговото ефикасно функционирање. Како експерт во областа на управување со ризиците, таа придонесе во дефинирањето на приоритетите во ризиците и имплементацијата на групациските политики за управување со ризици во Банката.

- **Ханс Лудвиг Диксер (Член)** – Директор на финансии во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - Неговиот профил се карактеризира со стратешко размислување, интегритет, одлучност и посветеност кон понатамошно унапредување на работењето на Банката. Тој поседува значајно познавање на стратегиите на Групацијата и го споделува своето искуство од областа на финансиите, стратегијата и бизнис моделот на Steiermärkische Bank und Sparkassen AG.

- **Славиша Којиќ (Член)** – Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG – има широки познавања на регионалните пазари, особено во областа на работење со физички лица. Неговата долгогодишна соработка со Шпаркасе Банка обезбедува стратешка и директна поддршка на нејзините деловни активности.

- **Глигор Бишев (Член)** - Претседател на Фискален Совет на РСМ - Со своето долгогодишно академско и практично искуство во областа на монетарната политика, банкарството и финансиите, Бишев успешно ги извршува задачите како член на Надзорниот одбор на Банката и дава активен придонес во успешното функционирање на овој одбор, со иницирање на стратешки дискусии и давање на конструктивни предлози и насоки за понатамошно унапредување на работењето на Банката.

- **Кристијан Поленак (Независен член на Надзорен одбор заклучно со 21.09.2023 година)** – Управувачки партнер во Адвокатското Друштво Поленак - како независен член, со своето богато искуство даде значаен придонес при извршувањето на активностите на Надзорниот одбор, особено за прашањата кои се однесуваат на правото и законските прописи.

- **Горан Петревски (Независен член)** – професор на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, на Економски факултет по банкарски менаџмент, монетарна економија, меѓународни финансии, банки и банкарски системи и управување со ризиците во финансиските институции. Со своето долгогодишно академско и практично искуство во областа на монетарната политика, банкарството и финансиите, тој успешно ги извршува задачите како член на Надзорниот одбор на Банката.

- **Татјана Шишковска (Независен член на Надзорен одбор од 13.11.2023 година)** - Партнер во Адвокатското Друштво Поленак - Со своето долгогодишно професионално знаење и искуство во областа на правото, со акцент на корпоративното право, како и банкарското и финанското право, стекнато преку работење на различни проекти, главно фокусирани на корпоративно правни прашања, статусни промени на трговски друштва, правно советување во финансирање на проекти преку синдицирани кредити и обезбедени побарувања, како и финансиски аранжмани на меѓународни финансиски институции и меѓународни банки, Шишковска успешно ги извршува задачите како независен член на Надзорниот одбор на Банката. Нејзиното познавање на

корпоративното управување во банка е на значително ниво, земајќи во предвид дека поседува повеќе од 10-годишно работно искуство во корпоративното право.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат добра репутација, ги почитуваат законските одредби и договорните обврски. Нивната соработка со супервизорските и со другите надлежни органи е на високо ниво. Тие во целост ги почитуваат корпоративната култура и вредности на Банката, а функцијата член на Надзорен одбор ја извршуваат професионално и непристрасно.

**5. Судир на интереси и превземени мерки**

Врз основа на погоре споменатото, како и врз основа на постапката за самооценување, Надзорниот одбор оценува дека сопствената работа, од аспект на поединечните членови и колективно, е во согласност со релевантните национални и групациски прописи, и соодветно ја исполнува својата цел, контролирање на работењето и обезбедување на стратешки насоки за поддршка и развој на Банката. Во периодот на известување, еден од членовите декларираше случај на постоење на потенцијален конфликт на интерес, за кој беа преземени соодветни мерки. Членовите на Надзорен одбор редовно поднесуваа изјави за постоење на конфликт на интерес во согласност со законските барања.

**6. Оцена на соодветност на членовите на Надзорниот одбор**

Врз основа на точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, како и Член 49 став 2 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката доставува известување за резултатите од извршена оцена на соодветност на членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје до Собранието на Банката.

Надзорниот одбор на Банката, изврши годишни поединечни оцени на соодветноста на секој член на Надзорниот одбор, како и колективна оцена на одборот во целост, при што членовите и одборот во целост се оценети позитивно и не се утврдени активности каде што е потребно унапредување или промени.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер